ПОШТА
ПОШТА на Северна Македонија
POSTA
1501-15/170
01-08-2025

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE E DEMOGRAFISË DHE E TË RINJVE - SHKUP
Бр. / Nr. 02-5328/9
01-08-2025 20 год. / viti

# ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА

## набавка на поштенски услуги за пратки над 50 гр. на територија на РСМ и меѓународни пратки за потребите на Министерство за социјална политика, демографија и млади

Склучен на ден ________. 2025 година, помеѓу:

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

1. **Министерство за социјална политика, демографија и млади**, со седиште на ул.„Даме Груев„ бр.14 Скопје, претставувано од Министер Фатмир Лимани, во понатамошниот текст: Договорен орган/ Корисник на услуга, од една страна и
2. **Акционерско друштво за поштенски сообраќај “ Пошта на Северна Македонија” во државна сопственост- Скопје, Shoqate aksionare per komunikacion postar Posta e Maqedonise se Veriut" ne pronesi shteteroreShkup State-Owned Joint-Stock Company for Postal Traffic POST OF NORTH MACEDONIA-Skopje,** со седиште на Орце Николов број 46, со ЕМБС 5168678, застапувано од Генерален директор Орхан Куртиши, во понатамошниот текст: Носител на набавка / Давател на услуги, о друга страна.

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 1**

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски помеѓу Договорниот орган и Носителот на набавката, согласно спроведената постапка за јавна набавка како набавка од мала вредност за набавка на услуги во согласност со позитивните законски прописи поврзани со предметот на набавката (Законот за јавни набавки, Законот за облигациони односи и Законот за поштенски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 27/14, 42/14, 187/14, 146/15, 31/16, 190/16, 64/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19 и 150/21) и важечките подзаконски акти, како и материјалните прописи кои се во сила во моментот на склучување на овој Договор.

**Член 2**

Договорните страни го склучуваат овој договор врз основа на Одлука за јавна набавка со архивски број 02-5328/1 од 16.07.2025 година, Одлука за избор за најповолен понудувач со архивски број 02-5328/6 од 30.07.2025 година, донесена во истата постапка, како и врз основа на доставена понуда од Носителот на набавката со која во целост се прифатени условите, барањата и напомените предвидени во тендерската документација.

## Член 3

Предмет на овој договор се **набавка на поштенски услуги за пратки над 50 гр. на територија на РСМ и меѓународни пратки за потребите на Министерство за социјална политика, демографија и млади.**

**III ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ**

## Член 4

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е македонскиот јазик.
Целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на македонски јазик.

**IV ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

## Член 5

Овој Договор е со важност од една година (12 месеци), сметано од денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

**V ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

## Член 6

Вкупната вредност на овој Договор ќе се утврди врз основа на извршените услуги, но не повеќе од 600.000,00 (шестотини илјади) денари без пресметан ДДВ.
Поштенските услуги се ослободени од ДДВ согласно член 23 став 1 т. 4 од Законот за данок на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/99, 59/99, 86 11/00, 8/01, 21/03, 19/04, 33/06, 45/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15, 23/16, 189/16, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19, 124/19, 275/19, 267/20 и 163/21).

Единечни цени за сексја поединечна услуга што е предмет на оваа набавка согласно понудата на Давателот на услуги се:

| Шифра | Назив на ставка | Мерна единица | Количина | Единечна цена (без ДДВ) | Вкупна цена (без ДДВ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 64112000-4 | Внатрешен сообраќај на територија на град Скопје, Писма/пратки обични \| писма над 50 гр. до 100 гр. | Парче | 1,00 | 68,00 | 68,00 | 0,00 | 68,00 |
| 64112000-4 | Внатрешен сообраќај на територија на град Скопје, Писма/пратки обични \| писма над 100 гр. до 250 гр. | Парче | 1,00 | 80,00 | 80,00 | 0,00 | 80,00 |
| 64112000-4 | Внатрешен сообраќај на територија на град Скопје, Писма/пратки обични \| писма над 250 гр. до 500 гр. | Парче | 1,00 | 100,00 | 100,00 | 0,00 | 100,00 |
| 64112000-4 | Внатрешен сообраќај на територија на град Скопје, Писма/пратки обични \| писма над 500 гр. до 1000 гр. | Парче | 1,00 | 148,00 | 148,00 | 0,00 | 148,00 |
| 64112000-4 | Внатрешен сообраќај на територија на град Скопје, Писма/пратки обични \| писма над 1000гр. до 2000гр. | Парче | 1,00 | 196,00 | 196,00 | 0,00 | 196,00 |
| 64112000-4 | Внатрешен сообраќај на територија на град Скопје, Писма/пратки препорачани „R" \| писма препорач. над 50 гр. до 100 гр. | Парче | 1,00 | 122,00 | 122,00 | 0,00 | 122,00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 64112000 -4 | Внатрешен сообраќај на територија на град Скопје, Писма/пратки препорачани „R“ \| писма препорач.над 100 гр. до 250 гр. | Парче | 1,00 | 134,00 | 134,00 | 0,00 | 134,00 |
| 64112000 -4 | Внатрешен сообраќај на територија на град Скопје, Писма/пратки препорачани „R“ \| писма препорач.над 250 гр. до 500 гр. | Парче | 1,00 | 154,00 | 154,00 | 0,00 | 154,00 |
| 64112000 -4 | Внатрешен сообраќај на територија на град Скопје, Писма/пратки препорачани „R“ \| писма препорач. над 500 гр. до 1000 гр. | Парче | 1,00 | 202,00 | 202,00 | 0,00 | 202,00 |
| 64112000 -4 | Внатрешен сообраќај на територија на град Скопје, Писма/пратки препорачани „R“ \| писма препорач. над 1000 гр. до 2000 гр. | Парче | 1,00 | 250,00 | 250,00 | 0,00 | 250,00 |
| 64112000 -4 | Внатрешен сообраќај на територија на град Скопје, Писма/пратки со повратница „AR“ \| писма со поврат. над 50гр. до 100гр. | Парче | 1,00 | 158,00 | 158,00 | 0,00 | 158,00 |
| 64112000 -4 | Внатрешен сообраќај на територија на град Скопје, Писма/пратки со повратница „AR“ \| писма со поврат. над 100гр. до 250 гр. | Парче | 1,00 | 170,00 | 170,00 | 0,00 | 170,00 |
| 64112000 -4 | Внатрешен сообраќај на територија на град Скопје, Писма/пратки со повратница „AR“ \| писма со поврат. над 250гр. до 500гр. | Парче | 1,00 | 190,00 | 190,00 | 0,00 | 190,00 |
| 64112000 -4 | Внатрешен сообраќај на територија на град Скопје, Писма/пратки со повратница „AR“ \| писма со поврат. над 500гр. до 1000гр. | Парче | 1,00 | 238,00 | 238,00 | 0,00 | 238,00 |
| 64112000 -4 | Внатрешен сообраќај на територија на град Скопје, Писма/пратки со повратница „AR“ \| писма со поврт.над 1000гр. до 2000 гр. | Парче | 1,00 | 286,00 | 286,00 | 0,00 | 286,00 |
| 64112000 -4 | Внатрешен сообраќај на територија на Република Северна Македонија, Писма/пратки обични \| писма над 50 гр. до 100 гр. | Парче | 1,00 | 68,00 | 68,00 | 0,00 | 68,00 |
| 64112000 -4 | Внатрешен сообраќај на територија на Република Северна Македонија, Писма/пратки обични \| писма над 100 гр. до 250 гр. | Парче | 1,00 | 80,00 | 80,00 | 0,00 | 80,00 |
| 64112000 -4 | Внатрешен сообраќај на територија на Република Северна Македонија, Писма/пратки обични \| писма над 250 гр. до 500 гр. | Парче | 1,00 | 100,00 | 100,00 | 0,00 | 100,00 |
| 64112000 -4 | Внатрешен сообраќај на територија на Република Северна Македонија, Писма/пратки обични \| писма над 500 гр. до 1000 гр. | Парче | 1,00 | 148,00 | 148,00 | 0,00 | 148,00 |
| 64112000 -4 | Внатрешен сообраќај на територија на Република Северна Македонија, Писма/пратки обични \| писма над 1000гр. до 2000гр. | Парче | 1,00 | 196,00 | 196,00 | 0,00 | 196,00 |
| 64112000 -4 | Внатрешен сообраќај на територија на Република Северна Македонија, Писма/пратки препорачани „R“ \| писма препорач. над 50 гр. до 100 гр. | Парче | 1,00 | 122,00 | 122,00 | 0,00 | 122,00 |
| 64112000 -4 | Внатрешен сообраќај на територија на Република Северна Македонија, Писма/пратки препорачани „R“ \| писма препорач.над 100 гр. до 250 гр. | Парче | 1,00 | 134,00 | 134,00 | 0,00 | 134,00 |
| 64112000 -4 | Внатрешен сообраќај на територија на Република Северна Македонија, Писма/пратки препорачани „R“ \| писма препорач.над 250 гр. до 500 гр. | Парче | 1,00 | 154,00 | 154,00 | 0,00 | 154,00 |
| 64112000 -4 | Внатрешен сообраќај на територија на Република Северна Македонија, Писма/пратки препорачани „R“ \| писма препорач. над 500 гр. до 1000 гр. | Парче | 1,00 | 202,00 | 202,00 | 0,00 | 202,00 |
| 64112000 -4 | Внатрешен сообраќај на територија на Република Северна Македонија, Писма/пратки препорачани „R“ \| писма препорач. над 1000 гр. до 2000 гр. | Парче | 1,00 | 250,00 | 250,00 | 0,00 | 250,00 |
| 64112000 -4 | Внатрешен сообраќај на територија на Република Северна Македонија, Писма/пратки со повратница „AR“ \| писма со поврат. над 50гр. до 100гр. | Парче | 1,00 | 158,00 | 158,00 | 0,00 | 158,00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 64112000 -4 | Внатрешен сообраќај на територија на Република Северна Македонија, Писма/пратки со повратница „AR" \| писма со поврат. над 100гр до 250 гр. | Парче | 1,00 | 170,00 | 170,00 | 0,00 | 170,00 |
| 64112000 -4 | Внатрешен сообраќај на територија на Република Северна Македонија, Писма/пратки со повратница „AR" \| писма со поврат. над 250гр. до 500гр. | Парче | 1,00 | 190,00 | 190,00 | 0,00 | 190,00 |
| 64112000 -4 | Внатрешен сообраќај на територија на Република Северна Македонија, Писма/пратки со повратница „AR" \| писма со поврат. над 500гр. до 1000гр. | Парче | 1,00 | 238,00 | 238,00 | 0,00 | 238,00 |
| 64112000 -4 | Внатрешен сообраќај на територија на Република Северна Македонија, Писма/пратки со повратница „AR" \| писма со поврт.над 1000гр. до 2000 гр. | Парче | 1,00 | 286,00 | 286,00 | 0,00 | 286,00 |
| 64112000 -4 | Меѓународен сообраќај, Европски земји, Писма/пратки обични \| писма до 100 гр. | Парче | 1,00 | 180,00 | 180,00 | 0,00 | 180,00 |
| 64112000 -4 | Меѓународен сообраќај, Европски земји, Писма/пратки обични \| писма над 100 гр. до 250 гр. | Парче | 1,00 | 365,00 | 365,00 | 0,00 | 365,00 |
| 64112000 -4 | Меѓународен сообраќај, Европски земји, Писма/пратки обични \| писма над 250 гр. до 500 гр. | Парче | 1,00 | 560,00 | 560,00 | 0,00 | 560,00 |
| 64112000 -4 | Меѓународен сообраќај, Европски земји, Писма/пратки обични \| писма над 500 гр. до 1000 гр. | Парче | 1,00 | 1.075,00 | 1.075,00 | 0,00 | 1.075,00 |
| 64112000 -4 | Меѓународен сообраќај, Европски земји, Писма/пратки обични \| писма над 1000 гр. до 2000 гр. | Парче | 1,00 | 2.105,00 | 2.105,00 | 0,00 | 2.105,00 |
| 64112000 -4 | Меѓународен сообраќај, Европски земји, Писма/пратки препорачани „R" \| писма препорач. до 100 гр. | Парче | 1,00 | 319,00 | 319,00 | 0,00 | 319,00 |
| 64112000 -4 | Меѓународен сообраќај, Европски земји, Писма/пратки препорачани „R" \| писма препорач. над 100 гр. до 250 гр. | Парче | 1,00 | 504,00 | 504,00 | 0,00 | 504,00 |
| 64112000 -4 | Меѓународен сообраќај, Европски земји, Писма/пратки препорачани „R" \| писма препорач.над 250 гр. до 500 гр. | Парче | 1,00 | 699,00 | 699,00 | 0,00 | 699,00 |
| 64112000 -4 | Меѓународен сообраќај, Европски земји, Писма/пратки препорачани „R" \| писма препорач. над 500 гр. до 1000 гр. | Парче | 1,00 | 1.214,00 | 1.214,00 | 0,00 | 1.214,00 |
| 64112000 -4 | Меѓународен сообраќај, Европски земји, Писма/пратки препорачани „R" \| писма препорач. над 1000гр. до 2000гр. | Парче | 1,00 | 2.244,00 | 2.244,00 | 0,00 | 2.244,00 |
| 64112000 -4 | Меѓународен сообраќај, Европски земји, Писма/пратки со повратница „AR" \| писма со поврат. до 100 гр. | Парче | 1,00 | 404,00 | 404,00 | 0,00 | 404,00 |
| 64112000 -4 | Меѓународен сообраќај, Европски земји, Писма/пратки со повратница „AR" \| писма со поврат. над 100гр. до 250 гр. | Парче | 1,00 | 589,00 | 589,00 | 0,00 | 589,00 |
| 64112000 -4 | Меѓународен сообраќај, Европски земји, Писма/пратки со повратница „AR" \| писма со поврат.над 250 гр. до 500 гр. | Парче | 1,00 | 784,00 | 784,00 | 0,00 | 784,00 |
| 64112000 -4 | Меѓународен сообраќај, Европски земји, Писма/пратки со повратница „AR" \| писма со поврат. над 500 гр. до 1000 гр. | Парче | 1,00 | 1.299,00 | 1.299,00 | 0,00 | 1.299,00 |
| 64112000 -4 | Меѓународен сообраќај, Европски земји, Писма/пратки со повратница „AR" \| писма со поврат. над 1000гр. до 2000гр. | Парче | 1,00 | 2.329,00 | 2.329,00 | 0,00 | 2.329,00 |
| 64112000 -4 | Меѓународен сообраќај, останати држави во светот, Писма/пратки обични \|писма до 100 гр. | Парче | 1,00 | 200,00 | 200,00 | 0,00 | 200,00 |
| 64112000 -4 | Меѓународен сообраќај, останати држави во светот, Писма/пратки обични \|писма над 100 гр. до 250 гр. | Парче | 1,00 | 415,00 | 415,00 | 0,00 | 415,00 |
| 64112000 -4 | Меѓународен сообраќај, останати држави во светот, Писма/пратки обични \|писма над 250 гр. до 500 гр. | Парче | 1,00 | 660,00 | 660,00 | 0,00 | 660,00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 64112000 -4 | Меѓународен сообраќај, останати држави во светот, Писма/пратки обични \|писма над 500 гр. до 1000 гр. | Парче | 1,00 | 1.275,00 | 1.275,00 | 0,00 | 1.275,00 |
| 64112000 -4 | Меѓународен сообраќај, останати држави во светот, Писма/пратки обични \|писма над 1000 гр. до 2000 гр. | Парче | 1,00 | 2.505,00 | 2.505,00 | 0,00 | 2.505,00 |
| 64112000 -4 | Меѓународен сообраќај, останати држави во светот, Писма/пратки препорачани „R" \|писма препорач. до 100 гр. | Парче | 1,00 | 339,00 | 339,00 | 0,00 | 339,00 |
| 64112000 -4 | Меѓународен сообраќај, останати држави во светот, Писма/пратки препорачани „R" \|писма препорач. над 100 гр. до 250 гр. | Парче | 1,00 | 554,00 | 554,00 | 0,00 | 554,00 |
| 64112000 -4 | Меѓународен сообраќај, останати држави во светот, Писма/пратки препорачани „R" \|писма препорач.над 250 гр. до 500 гр. | Парче | 1,00 | 799,00 | 799,00 | 0,00 | 799,00 |
| 64112000 -4 | Меѓународен сообраќај, останати држави во светот, Писма/пратки препорачани „R" \|писма препорач. над 500 гр. до 1000 гр. | Парче | 1,00 | 1.414,00 | 1.414,00 | 0,00 | 1.414,00 |
| 64112000 -4 | Меѓународен сообраќај, останати држави во светот, Писма/пратки препорачани „R" \|писма препорач. над 1000гр. до 2000гр. | Парче | 1,00 | 2.644,00 | 2.644,00 | 0,00 | 2.644,00 |
| 64112000 -4 | Меѓународен сообраќај, останати држави во светот, Писма/пратки со повратница „AR" \|писма со поврат. до 100 гр. | Парче | 1,00 | 424,00 | 424,00 | 0,00 | 424,00 |
| 64112000 -4 | Меѓународен сообраќај, останати држави во светот, Писма/пратки со повратница „AR" \|писма со поврат. над 100гр. до 250 гр. | Парче | 1,00 | 639,00 | 639,00 | 0,00 | 639,00 |
| 64112000 -4 | Меѓународен сообраќај, останати држави во светот, Писма/пратки со повратница „AR" \|писма со поврат.над 250 гр. до 500 гр. | Парче | 1,00 | 884,00 | 884,00 | 0,00 | 884,00 |
| 64112000 -4 | Меѓународен сообраќај, останати држави во светот, Писма/пратки со повратница „AR" \|писма со поврат. над 500 гр. до 1000 гр. | Парче | 1,00 | 1.499,00 | 1.499,00 | 0,00 | 1.499,00 |
| 64112000 -4 | Меѓународен сообраќај, останати држави во светот, Писма/пратки со повратница „AR" \|писма со поврат. над 1000гр. до 2000гр. | Парче | 1,00 | 2.729,00 | 2.729,00 | 0,00 | 2.729,00 |

## Член 7

Фактурата ги содржи особено следниве елементи:

- повикување на број на договорот;
- датум на изготвување на фактурата;
- количини со опис на стоката како што е опишана во техничката спецификација;
- единечни договорени цени за секоја од позициите без вкалкулиран ДДВ;
- вкупни цени по позиции без вкалкулиран ДДВ;
- вкупна цена на фактурата;
- пресметка на данокот за додадена вредност;
- вкупна цена за исплата по фактурата (доколку имало евентуално намалување);
- валута на плаќање;
- рок на плаќање; и
- сметка и банка на давателот на фактурата.

Доколку утврдената вредност на договорот не се исполни во наведениот рок на времетраењето на Договорот, истиот ќе престане да важи по истекот на рокот.

Некомплетно доставена ф-ра од страна на носителот на набавката, Договорниот орган ќе ја врати со писмено известување во кое ќе биде образложена причината з враќањето и рокот во кој носителот на набавката е должен да ги исправи недостатоците или грешките. Доколку носителот на набавката не достави ф-ра согласно насоките и не ги исправи недостатоците или грешките, рокот за плаќање ќе

започне да тече од денот на постапувањето по укажувањето и приемот во архивата на изготвена ф-ра согласно овој член од договорот.

**НАЧИН И УСЛОВИ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 8**

Носителот на набавката е должен предметот на договорот да го извршува според потребите и барањата на Договорниот орган, сукцесивно, до вредносно исполнување на истиот или за период од 1 (една) година од денот на склучување на договорот, зависно што попрво ќе се исполни или настане.

Носителот на набавката е должен поштата да ја преземе од просториите на Министерство за социјална политика, демографија и млади, Управата на борци и воени инвалиди или од просториите на подрачните единици во Скопје и во останатите градови низ земјата, односно од следните локации:

- Министерство за социјална политика, демографија и млади – ул. Даме Груев бр.14
- Управа на борци и воени инвалиди – ул.Кочо Рацин бр.14
- и подрачни единици на МТСП во следните градови: Берово – ул. Младински кеј бр.2, Битола – Нас.Карпош бб, Македонски Брод – ул.7-ми септември бр.4, Валандово – ул/4-ти Јули бр.1, Виница – ул.Бел Камен бр.13, Гевгелија – ул.7-ми Ноември бб, Гостивар – Бул.Братче Џиновски бб, Дебар – ул.Атанас Илиев б.б., Делчево – ул.Методија Митевски Брицо бр.3, Демир Хисар – ул.Маршал Тито б.б., Кавадарци – ул.Балканска бб, Кичево – ул. Александар Македонски бр.72, Кочани – ул.Тодор Арсов бб, Кратово – ул.Плоштад Маршал Тито бб, Крива Паланка – ул.Никола Тесла бб, Крушево – ул.Никола Ѓукановиќ бб, Куманово – ул.Доне Божинов бр.30, Неготино – ул Гоце Делчев бр.17 , Охрид – ул. Димитар Влахов бр.57, Прилеп – ул.Борка Утот бр.8, Пробиштип – ул.Миро Борога бб, Радовиш – ул.Александар Македонски бб, Ресен – ул. Мите Богоев бб, Свети Николе – ул.Плоштад Илинден бб, Струга – ул.15-ти Корпус бб, Струмица – ул.Герас Цунев бр.1, Тетово – ул.Дервиш Цара бр.58, Велес – ул.Петре Прличков бр.34, Штип – ул.Васил Главинов бб и во Скопје ( Центар – ул.Михаил Цоков бб, Чаир – ул.Петар Манџуков бб, Гази Баба – ул Александар Македонски бб, Карпош – ул.Михаил Цоков бб и Кисела Вода – ул.Борис Трајковски бб).

Поштенските пратки кои треба да се испорачаат на територијата на Република Северна Македонија треба да се преземаат и испорачуваат секој работен ден, со најмалку еден прием/собирање и една испорака/дистрибуција на ден, во и од наведените локации на Договорниот орган, во рок утврден со прописите за вршење на поштенски услуги.

Напомена: Преземањето на писмата и поштенските пратки ќе се врши секој работен ден од службените простории на Министерството за социјална политика, демографија и млади на ул. Даме Груев бр.14 и Управата на борци и воени инвалиди на ул. Кочо Рацин бр.14 во период од 15 до 15:30 часот, додека пак преземањето и испораката од просториите на подрачните единици ќе се врши на барање/повик во зависност од потребите за поштенски услуги.

Носителот на набавката е должен да ја преземе поштата од службените простории на подрачните единици во рок до 3 часа по добиен телефонски повик од страна на овластените лица кај договорниот орган. Во исклучителни случаи, претходно образложени од страна на носителот на набавката рокот за преземање може да се продолжи за максимум 30 минути.

Рокот за достава на пратките во внатрешниот сообраќај го опфаќа времето од моментот на преземање на пратката од просториите на договорниот орган до моментот на достава т.е. прием на пратката од примачот.

Поштенските пратки кои треба да се испорачаат надвор од територијата на РСМ треба да се преземаат и испорачуваат по потреба, на барање/повик на договорниот орган во и од службените

простории. Поштенските пратки надвор од РСМ, понудувачот е должен да ги дистрибуира во рок утврден со прописите за вршење на поштенски услуги.

Носителот на набавката при преземање на поштата потпишува потврда за преземање на поштата со опишан вид на пратка која треба да биде дистрибуирана. Оваа потврда може да биде и збирна ако се преземаат поголем број на пратки.

Испораката на поштата ќе се врши со потпишани документи - потврда за извршена испорака, односно потврда за извршен прием на поштата, од овластени лица од двете договорни страни, согласно поштенските прописи за различни видови на писма и пратки.

Носителот на набавката го докажува приемот на пратката од примачот со писмен доказ во кој се содржани датумот на достава на пратката, име и презиме на примачот и своерачен потпис на примачот.

Доказот дека пратката е доставена ќе се доставува во писмена форма до службените простории на Министерството за социјална политика, демографија и млади со адреса на ул. Даме Груев бр.14, Скопје по извршена достава истиот ден кога е извршена, а најдоцна до крајот на следниот работен ден од денот на извршената достава.

Доказот за извршена испорака се враќа за извршена достава само во случај кога испраќачот ќе ја одбере услугата Писма/Пратки со повратница "AR. Во случај кога испраќачот ќе одбере тип на обична достава како доказ за извршена испорака ќе се смета конечниот извештај за испорака.

За поштенските пратки кои треба да се испорачаат надвор од територијата на РСМ давателот на услугата се обврзува да достави потврда на испораката при пристигнувањето до одредиштето на доставување, со датум и рачен потпис на примателот на пратката.

Носителот на набавка е должен за реализација на услугата која е предмет на набавката да ги презема сите активности кои одговараат на природата на бараната услуга, на начин и под услови согласно прописите за поштенски услуги. Носителот на набавка е должен предметните услуги да ги врши навремено, точно, безбедно и совесно, согласно описот и природата на бараните услуги и правилата и стандардите за квалитет за брзо и ефикасно извршување на услуги од поштенскиот сообраќај, а согласно прописите за поштенски услуги.

Секое извршување на услугите од страна на носителот на набавката спротивно на условите предвидени во тендерската документација ќе се смета за неквалитетно и несоодветно извршување на предметната набавка.

Поштенските услуги се тарифираат според дестинацијата, според видовите писма и според тежината на писмата и поштенските пратки.

Роковите за испорака и врачување на пратките треба да бидат во согласност со Законот за поштенските услуги и подзаконските прописи кои ја уредуваат областа.

**НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАКАЊЕ**

**Член 9**

Корисникот на услугата се обврзува плаќањето на давателот на услугата да го изврши во рок до 30 дена од денот на приемот на уредна фактура со наведени извршен услуги во која што ќе бидат (точно и прецизно наведени сите ставки одделно онака како што се опишани во техничката спецификација со количина, грамажа и цена) во архивата на корисникот на услугата Министерство за социјална политика, демографија и млади на ул. Даме Груев бр.14, Скопје.

Во прилог на фактурите, носителот на набавката задолжително доставува докази за извршената испорака ( прилози од приемни книги ) за пратки за кои тоа е предвидено како и конечен извештај потврден од двете договорни страни кој содржи број и вид на пратки со поединечни цени дистрибуирани во тековниот месец ( од 1 д крајот месецот).

Фактурирањето за извршените услуги, давателот на услугата ќе го врши најдоцна до 5-тг во месецот за услугата која е извршена во изминатиот месец.

**ГАРАНЦИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 10**

Навременото и квалитетно извршување на договорот, носителот на набавката го гарантира со доставување безусловна банкарска гаранција од банка прифатлива за Договорниот орган.

Висината на банкарската гаранција изнесува 5% од вкупната вредност на договорот со вклучен ДДВ. Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде со важност до целосно реализирање на договорот. Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот ќе биде во валутата на која гласи договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот Носителот на набавката ја доставува најдоцна во рок до 5 (пет) дена од потпишувањето на договорот. Потпишаниот договор без доставена банкарска гаранција ќе се смета за неважечки и нема да предизвика правно дејство.

За неисполнување на договорните обврски од страна на Носителот на набавка, Договорниот орган има право да ја активира и наплати гаранцијата за квалитетно извршување на договорот во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката.

Оваа гаранција се враќа на носителот на набавката, во рок од 14 дена од денот на целосно реализирање на договорот.

Во случај кога е продолжен рокот за реализација на договорот или е зголемена неговата вредност, носителот на набавката соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот.

**ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА**

**Член 11**

Носителот на набавката/ Давателот на услугата се обврзува дека стручно, професионално и квалитетно ќе го извршува предметот на овој договор.

Носителот на набавката / Давателот на услугата е должен за реализација на услугата која е предмет на набавката да ги презема сите активности кои одговараат на природата на бараната услуга, на начин и под услови согласно прописите за поштенски услуги и Носителот на набавката е должен предметните услуги да ги врши навремено, точно, безбедно и совесно, согласно описот и природата на бараните услуги и правилата, стандардите за квалитет за брзо и ефикасно извршување на услуги од поштенскиот сообраќај, а согласно прописите за поштенски услуги во Република Северна Македонија. Носителот на набавката / Давателот на услугата се обврзува дека ќе ги исполни сите услови согласно доставената понуда.

**ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН**

**Член 12**

Договорниот орган се обврзува дека ќе врши исплата на цената за извршените услуги на начин определен со овој Договор.

Лице задолжено за реализација на договорот кај Договорниот орган е Саветка Диванисова, или друго лице овластено од Министер.

Список со лица за контакт и одговорни лица за реализација на предметот на набавка од сите подрачни единици ќе биде дополнително доставен во писмена форма.

**НАДОМЕСТ НА ШТЕТА**

**Член 13**

Давателот на услуги е должен на Корисникот на услуги да му ја надомести настанатата штета во случај на губење, целосно или делумно оштетување на поштенска пратка или ограбување на пратка, како и за пречекорување на рокот за достава на поштенска пратка, на начин и под услови определени со

одредбите од член 64 од Законот за поштенски услуги (Службен весник на Република Македонија бр. 158/10, 27/14, 42/14, 1 / 14, 146 31/16, 190/16, 64/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија' бр. 275/19 и 150/21).

**ВИША СИЛА**

**Член 14**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините на Виша сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.
По отстранување на вишата сила, Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

**ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН**

**Член 15**

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој договор ќе се применуваат важечките прописи на Република Северна Македонија.

**ДОВЕРЛИВОСТ И ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИТЕ И ИНФОРМАЦИИТЕ**

**Член 16**

Секоја договорна страна се обврзува дека сите податоци/информации до кои има пристап, кои се означени како деловна тајна или утврдени како класифицирана информација, ќе ги штити и нема да ги открива и ќе ги користи исклучиво за потребите во функција на предметот на Договорот. Договорните страни се обврзуваат дека ќе се придржуваат кон прописите за безбедност на информации односно за заштита на личните податоци.

**РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ**

**Член 17**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање. Доколку тоа не даде резултат спорот ќе го решава надлежниот суд во Скопје.

**КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ**

**Член 18**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

**УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 19**

Кога Носителот на набавката нема да ја исполни својата обврска, во тој случај Договорниот орган, може да бара исполнување на обврската или да го раскине Договорот, а во секој случај има право на надомесг на штета и активирање на банкарска гаранција дури и да не даде дополнителен рок за извршување на услугата.

**Член 20**

Кога носителот на набавката нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, договорниот орган има право да му даде дополнителен рок за исполнување на обврската.

Дополнителниот рок може да се даде само во случај кога Договорниот орган не трпи штета и во тој случај нема да се бара надомест на штета и да се активира банкарска гаранција.

**Член 21**

Ако носителот на набавката не ја исполни својата обврска во определениот рок / дополнителниот рок, Договорниот орган може да го раскине договорот, да ја активира банкарската гаранција и да бара надомест на штета.

Во случај на раскинување на договорот поради неисполнување на обврските во определениот рок и во дополнителниот рок, Договорниот орган има право на надомест на штета и право да ја активира банкарската гаранција.

**ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**Член 22**

Договорот за јавна набавка во текот на неговата важност може да се дополни и/или измени само врз основа на член 119 од Законот за јавни набавки.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 23**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 24**

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

| | |
|---|---|
| **Договорниот орган:** | **Носителот на набавката** |
| **Министер** | **Генерален директор** |
| **Fatmir Limani** | **Орхан Куртиши** |
| ____________________ | ____________________ |

Изработил: Теодора Васиќ Петровска, Советник

Согласен: Љубица Панова, Раководител на сектор

Одобрил: Fatmir Sabriu, Државен секретар